| Седмица: 7-2час<br>Дата: | | | Тема: Скелет и мускули (биологија)<br>**Час: Истражување на скелетите и коски кај животните** | | | **ОДДЕЛЕНИЕ<br>4** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Време** | **Цели на учење** | **Критериуми на успех (очекувани резултати)** | **Активности** | | **Ресурси (средства и материјали)** | **Доказ за постигнување** |
| | | | **Опис** | **Организациони форми** | | |
| 10<br><br>20<br><br>10 | Учениците знаат дека луѓето и некои животни имаат коскен скелет<br><br>Вршат набљудување, споредување, истражување | Учениците знаат дека луѓето и некои животни имаат коскен скелет<br><br>Учениците ги набљудуваат и споредуваат коскените скелети на различни животни<br><br>Препознаваат и цртаат кои скелети на кои животни припаѓаат | Часот е замислен да се одржи после извршена посета на Природно научен музеј,или пак во училницата да се донесат повеќе примери на скелети на животни (кабинет по биологија).<br>По извршената посета или после разгледувањето на скелетите се поведува разговор за скелетите на животните и на луѓето и дали можат да понајадат и извлечат некаква поврзаност помеѓу нив односно дали имаат заедничка –иста функција коските кај животните и луѓето.<br>Учениците работат во групи, сите групи имаат иста задача:<br><br>Да ги набљудуваат, анализираат, споредуваат скелетите со помош на лупи.<br>-да пронајдат сличности и разлики кај различните животни<br>-во кои делови коските се поголеми, а каде помали<br>-кои животни имаат поголеми односно помали коски<br>-ако умеат да ги именуваат коските<br><br>При презентацијата на истражувањето го надополнувам знаењето со што ги именувам коските (череп, ребра, пршлени, карлица) | З<br><br>Г<br><br>И | Примероци на скелети на животни<br><br>Лупи<br><br>Слики од различни животни<br><br>Слики од скелети на различни животни<br><br>Вежбанка по ПН | Прашање/ одговор<br><br>Дискусија<br><br>Набљудување<br><br>Истражување<br><br>Споредување<br><br>Извлекување заклучоци<br><br>Презентирање на резултатите од истражувањето. |

obrazovanie.literatura.mk

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Следи самостојна работа во Вежбанката по ПН вежба 5.1 стр. 39 . | | | |
| **Организација**: Детали за поделба по улоги /групи/возрасни (поврзано со активностите) | | | **Забелешки / можности за проширување / домашна работа** | | | **клучни термини** |
| Вовед: Посета на музеј или кабинет по биологија<br>Главен дел: Групите се хетерогени заради надополнување на знаењата<br>Завршен дел: индивидуална форма која ќе даде слика за постигнатите цели<br>Заедничка форма заради резиме на наученото | | | | | | Човек<br>животно<br>коски скелет<br>череп<br>карлица<br>ребра<br>пршлени |

obrazovanie.literatura.mk